Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈП Водовод и канализација**, за интервенција на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши расчистување на урбано зеленило ( останато зеленило ) на самоникната ниска вегетација, што се наоѓа **во објектот на ЈП Водовод и канализација на ул. Марко Орешковиќ бб, каде се наоѓа Резервоар Припор – Скопје.**
2. Расчистувањето на самоникната ниска вегетација да се изврши и организира од барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Расчистувањето на самоникната ниска вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**ЈП Водовод и канализација Скопје, ул. "Лазар Личеновски" бр. 9 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/64** од **14.02.2024** година, за расчистување на самоникната ниска вегетација што се наоѓа **во објектот на ЈП Водовод и канализација на ул. Марко Орешковиќ бб, каде се наоѓа Резервоар Припор – Скопје.**
Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **21.02.2024** година. При тоа е утврдено дека, дрвјата предмет на барањето имаат разгранета крошна и суви гранки, поради што потребно е да се изврши расчистување на самоникната ниска вегетација околу објектот Резервоар Припор на ул. Марко Орешковиќ.
Согласно член 11 став 1 точка 6 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај инфраструктура (комунална, некомпатибилна и друга) се сметаат за останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се изврши расчистување на самоникната ниска вегетација, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/64/2**
**22.02.2024** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
____________________
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
____________________
Пом.Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT